01-3840/1
24.07.2012 год.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

# ПРАВИЛНИК
## за утврдување на надоместоците на воениот и цивилниот персонал за учество во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката

-Скопје, 2012 година-

Врз основа на член 200 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 36/10, 23/11, 47/11, 148/11 и 55/12), министерот за одбрана донесе

# ПРАВИЛНИК
## за утврдување на надоместоците на воениот и цивилниот персонал за учество во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката

## I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат надоместоците на воениот и цивилниот персонал за учество во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката (во натамошниот текст: надоместоците за учество во хуманитарни или мировни операции).

Член 2

Надоместоците за учество во хуманитарни или мировни операции се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и се користат во рамките на средствата на Министерството за одбрана (во натамошниот текст: Министерството).

Надоместоците од став 1 на овој член, се исплатуваат од денот на упатувањето во хуманитарни или мировни операции, до денот на враќање во Република Македонија.

Член 3

Исплатата на надоместоците од член 2 на овој правилник, се врши врз основа на решение на министерот за одбрана или од него овластено лице.

На учесниците во хуманитарни или мировни операции придонесите од плата им се пресметуваат и уплатуваат врз основа на платата утврдена на денот на упатувањето, односно врз основа на денарската плата која би ја примале во Република Македонија.

## II. НАДОМЕСТОЦИ ЗА УЧЕСТВО ВО ХУМАНИТАРНИ ИЛИ МИРОВНИ ОПЕРАЦИИ

Член 4

На учесниците во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката им се исплатуваат надоместоци и тоа:

- основен надоместок за учество,
- дополнителен надоместок за учество за вршење задачи во отежнати услови за работа,
- надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството и
- други надоместоци

1. Основен надоместок за учество

Член 5

Основниот надоместок за учество се утврдува врз основа на следиите параметри:

-основица по земји,

-коефициент за чин или степен на образование и

-коефициент-индекс за корекција на основицата.

Член 6

Основицата по земји се утврдува односно усогласува еднаш годишно со Прегледот на основици за утврдување на платите на учесниците во хуманитарни или мировни операции, со решение на министерот за одбрана.

Прегледот на основиците за утврдување на платите на учесниците во хуманитарни или мировни операции е даден во Прилог бр. 1 кој е составен дел на овој правилник.

Изменување на Прегледот на основиците за утврдување на платите на учесниците во хуманитарни или мировни операции, се врши врз основа на мултипликаторите по земји објавени од страна на Организацијата на Обединетите Нации за претходната година, утврдени врз основа на индексите на малопродажните цени и други релевантни фактори.

Основицата за секоја одделна држава се изразува во долари и се пресметува со индекс тотал утврден во податоците за животни трошоци по земји објавени од Организацијата на Обединетите Нации.

Доколку при усогласувањето на основицата за секоја одделна држава се утврди нејзино намалување, истата нема да се применува на учесниците во хуманитарни или мировни операции.

Доколку дојде до намалување на основниот надоместок заради изменување на коефициентите за пресметка на надоместокот, намалувањето ќе се применува на учесниците во хуманитарни или мировни операции кои во моментот на изменувањето учествуваат во хуманитарни или мировни операции.

Заради спречување на реалното намалување на основниот надоместок за учество при опаѓање на курсот на американскиот долар, се зема курсот на американскиот долар објавен во официјалната курсна листа на Народната Банка на Република Македонија од 01.02.2007 година. Доколку курсот на

американскиот долар се зголемува, платата се пресметува по зголемениот курс.

Основниот надоместок за учество во хуманитарни или мировни операции, се добива со помножување на основицата со коефициентот по чин или степен на образование.

Член 7

За учесниците во хуманитарни или мировни операции, за чин или степен на образование се применуваат следните коефициенти:

| Чин/образование | Коефициент по кој се пресметува основниот надоместок за учество |
|---|---|
| Бригаден генерал и повисок чин | 5,50 |
| Полковник | 5,10 |
| Потполковник | 4,80 |
| Мајор | 4,60 |
| Капетан | 4,50 |
| Поручник и потпоручник | 4,20 |
| Главен наредник и наредник | 4,00 |
| Постар водник 1 класа и постар водник | 3,80 |
| Водник | 3,70 |
| Професионален војник | 3,60 |
| Цивилно лице доктор на науки | 5,30 |
| Цивилно лице магистер и доктор по медицина со специјализација | 5,10 |
| Цивилно лице магистер | 4,60 |
| Цивилно лице со Висока стручна спрема | 4,50 |
| Цивилно лице со Виша стручна спрема | 3,70 |
| Цивилно лице со Средна стручна спрема | 3,60 |

Член 8

Основниот надоместок за учество од член 6 став 8 од овој правилник, на учесниците во хуманитарни или мировни операции кои имаат стекнато воено летачки звања им се зголемува во зависност од стекнатото воено летачко звање и видот на воздухопловот на кој што ја вршат должноста и тоа:

- на прв пилот на воздухоплов повеќесед за 20% и
- на втор пилот воздухоплов повеќесед и техничар оператор за 15%.

Член 9

Пред упатувањето на учесниците во хуманитарни или мировни операции Министерството безготовински им исплатува аконтација во износ од 2.000 евра, односно 2.500 американски долари.

Износот на исплатената аконтација од став 1 на овој член се задржува од вкупниот износ на основниот и дополнителниот надоместок за учество во пет еднакви рати, започнувајќи од наредниот месец од месецот во кој е исплатена аконтацијата, односно во помал број на рати доколку хуманитарната или мировната операција трае пократко од шест месеци.

## 2. Дополнителен надоместок за учество за вршење задачи во отежнати услови за работа

Член 10

На лицата упатени во хуманитарни или мировни операции заради вршење задачи во отежнати услови за престој и работа им припаѓа право на дополнителен надоместок, во висина на определен процент од основниот надоместок во зависност од степенот на загрозеноста.

Висината на дополнителниот надоместок од став 1 на овој член, со решение ја утврдува министерот за одбрана.

## 3. Надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството

Член 11

На учесниците во хуманитарни или мировни операции кои имаат право на надоместок на трошоци за одвоен живот од семејството, висината на надоместокот им се исплатува во согласност со закон.

Правото на надоместок на трошоците за одвоен живот од семемејството, се остварува со денот на упатувањето во хуманитарната или мировна операција, а престанува со денот на враќањето во Република Македонија.

## 4. Други надоместоци

Член 12

Лицата упатени во хуманитарни или мировни операции имаат право на надоместоци за:

- репрезентација,
- здравствено осигурување
- парична награда
- пренос на посмртни останки

Член 13

Право на репрезентација имаат учесниците во хуманитарни или мировни операции, со највисок чин или лидерот на тимот.

Висината на средствата за репрезентација за секоја хуманитарна или мировна операција согласно финансиските средства предвидени во буџетот на Министерството, со решение ги определува министерот за одбрана или од него овластено лице.

Член 14

Трошоците за здравствено осигурување за лицата упатени во хуманитарни или мировни операции, паѓаат на товар на Министерството.

Член 15

На учесниците во хуманитарни или мировни операции за остварени особени резултати во извршување на задачите, може да им се додели парична награда во согласност со закон и друг пропис.

Член 16

Трошоците за пренесување на посмртните останки во Република Македонија, во случај на смрт на лице упатено во хуманитарни или мировни оперции се на товар на Министерството.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Исплатата на надоместоците за учество во хуманитарни или мировни операции утврдени во овој правилник, се врши на начин и во висина предвидени со закон и други прописи.

Член 18

Со влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за утврдување на плата, додатоци на плата и надоместоци на определени трошоци на лица на служба во странство и упатени во мировни и хуманитарни операции надвор од Република Македонија бр.01-5589/1 од 29.10.2007 година, бр. 01-850/1 од 30.01.2009 година, бр. 01-4136/1 од 22.06.2009 година, бр. 01-1963/5 од 14.04.2010 година, 01-1963/7 од 25.05.2010 година, бр. 01-4983/1 од 12.07.2010 година, бр. 01-5212/1 од 22.07.2010 година, 01-468/1 од 17.01.2011 година, бр. 01-4785/1 од 01.07.2011 година и бр. 01-4785/2 од 17.11.2011 година.

Член 19

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се применува од 01.08.2012 година и ќе се објави на огласната табла на Министерството.

Изработил: Емилија Ралева/Цвета Спасеска
Одобрил: Спасоја Дамјаноски
Согласен: Петар Есмиров

Бр. 01-3940/1
24-07-2012 2012 год.
Скопје

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА
Фатмир Бесими

## Образложение

Правен основ за донесување на правилникот е член 200 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 36/10, 23/11, 47/11, 148/11 и 55/12), според кој висината на надоместоците на воениот и цивилниот персонал за учество во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката, ги утврдува министерот за одбрана.

Согласно наведеното е изработен правилникот кој треба да го донесе министерот за одбрана.

Прилог бр. 1

ПРЕГЛЕД
на основици за утврдување на плати на учесниците во хуманитарни или мировни операции

| Ред. бр. | Земја | Основица за плати од 01.01. 2012 год./УСД |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 1 | Авганистан | 681 |
| 2 | Босна и Херцеговина | 644 |
| 3 | Ирак | 670 |
| 4 | Соединети Американски Држави | |
| | Вашингтон | 726 |
| | Њујорк | 748 |
| 5 | Либан | 695 |